**Премиерно прикажана претставата,, Сонот на Цепенко,,**

**Театарот,,Војдан Чернодрински,, на 2.2.2013, премиерно ја изведе претставата ,,Сонот на Цепенко,, (кореодрама) во режија на Кирил Петрески.**

Режисерот Петрески ја подготви адаптацијата на текстовите на Марко Цепенков.

-Претставата се вика Сонот на Цепенков затоа што е замислена да се случува во еден замислен Свет/Сон на авторот, во еден бесконечен циклус на спирала и никогаш да не завршува. Главната приказна во претставата е приказната за Силјан Штркот, затоа што таа претставува камен -темелник во делото на Марко Цепенков. Претставата е само капка од морето на неговото творештво, а приказната ја раскажуваме преку колективна игра, музика и танц - вели режисерот Петрески.

{AG}cepenko{/AG}

**Во претставата играат:**

**Игор Трпче, Даниела Иваноска, Зоран Иваноски, Никола Настоски, Јасмина Мицовска - Станкоска, Александар Тодески, Димитар Црцороски, Марија Спиркоска - Илиеска, и Катерина Чакмакоска.**

**Кореографија: Кире Миладиноски**

**Сценографијата на Зоран Николовски,**

**Костимографија: Даниела Настоска**

**Музика : групата Чалгија Саунд Систем.**